2025 година

# ТЕКСОМАК

## Тексомак и општините

Како партнерствата создаваат организирана селекција на текстилен отпад низ Македонија.

**За чиста и здрава иднина!**

## Скриената цена на евтината облека

Што навистина стои зад трендовите и зошто текстилниот отпад расте.

**Претвори отпад во ресурс!**

## Едукација, акција, промена!

Настани и иницијативи што ја градат еколошката свест од најрана возраст.

**Заедно кон поодржлива иднина!**

## Рециклирај, креирај, блескај

Кога текстилниот отпад се претвора во креативна инспирација.

**Селектирај текстилни производи!**

## Кога селекцијата станува навика

Малите секојдневни избори како основа за одржлива средина.

# Тексомак во соработка со општините гради систем за селекција на текстилен отпад

Со цел унапредување на одржливото управување со текстилниот отпад и подигнување на јавната еколошка свест, Тексомак континуирано соработува со повеќе општини низ државата, воспоставувајќи функционален систем за селекција и рециклажа на текстил.

Соработка е воспоставена со Општина Босилово, Општина Прилеп, Општина Гази Баба, Општина Новаци, Општина Демир Капија, Општина Аеродром, Општина Крива Паланка, Општина Валандово, Општина Велес  и Општина Охрид каде што се реализираат координирани активности прилагодени на локалните услови.

***Природата нема алтернатива – да ја зачуваме заедно.***

Во рамки на овие партнерства се поставуваат специјални контејнери за текстилен отпад на јавни локации, а паралелно се организираат едукативни работилници во градинки и училишта, со цел најмладите да се запознаат со значењето на селекцијата, повторната употреба и заштитата на животната средина.

Дополнително, се реализираат акции за собирање стара облека, при што употребливиот текстил се донира, а оштетениот се пренасочува кон процес на рециклажа, придонесувајќи за развој на циркуларна економија и општествена одговорност.

Со ваквиот пристап, Тексомак и општините градат долгорочна соработка и заеднички придонесуваат кон почиста и поодржлива животна средина.




# 70 фирми – 70 примери за одговорност

Сè повеќе компании ја препознаваат важноста на одговорното управување со текстилен отпад. Денес, вкупно 70 фирми се регистрирани на платформата на Тексомак и носители на официјалниот беџ за одговорен текстилен производител/увозник.

Овој беџ е јасен доказ за усогласеност со законските обврски, грижа за животната средина и посветеност кон одржливи практики. Преку месечно пријавување на текстилен отпад, компаниите не само што ја зајакнуваат својата доверливост кај клиентите, туку и активно придонесуваат кон подигање на свеста за правилно постапување со посебните текови на отпад.

# Прилеп Продолжува со Еко Иницијативата: Текстилниот Отпад Се Селектира Секоја Прва Среда

Грижата за животната средина останува еден од приоритетите на општина Прилеп. Во рамките на овие напори, секоја прва среда во месецот на повеќе локации низ градот се поставуваат специјални контејнери на Тексомак, наменети за селекција на текстилен отпад.

Граѓаните се повикуваат текстилниот отпад да го донесат спакуван во пластични ќеси, со цел процесот на селекција и рециклирање да биде поедноставен и поефикасен.

Со оваа иницијатива, Тексомак и општина Прилеп заеднички придонесуваат кон намалување на загадувањето и создавање почиста и поодржлива животна средина.

## Локации каде што се поставуваат контејнерите на Тексомак

- Точила наспроти Блаже Конески
- Димо Наредникo Пата Маркет
- Палма Шоп
- Економски Факултет
- ОУ Добре Јованоски
- Градинка Бончејца
- Населба Типски
- Фабрика 11ти Октомври
- Болница
- Табана
- ОУ Рампо Левката
- Футура зад уред нова зграда






# Општина Босилово продолжува со селекција на текстилен отпад: Текстилниот отпад се селектира секој втор четврток во месецот

Општина Босилово активно се вклучува во напорите за заштита на животната средина преку организирано собирање и селекција на текстилен отпад. Со оваа еко-иницијатива, секој втор четврток во месецот, на неколку локации низ општината ќе бидат поставени специјални контејнери на Тексомак, достапни за сите граѓани.

Жителите се повикуваат својот текстилен отпад да го донесат спакуван во пластични ќеси, со што се овозможува зачувување на квалитетот на материјалите и поефикасна понатамошна обработка. Оваа практика значително придонесува кон подобро управување со отпадот и олеснување на процесите на селекција и рециклирање.

Текстилниот отпад претставува сериозен еколошки предизвик, а неговото правилно одвојување е клучно за намалување на загадувањето и рационално користење на ресурсите. Со вакви активности, Тексомак и општина Босилово ја поттикнуваат јавната свест и активно придонесуваат кон создавање почиста, поодржлива и еколошки одговорна заедница.

# Брзата мода и она што доаѓа со ефтините парчиња облека

Кога последен пат сте купиле евтино парче облека и колку често го правите тоа? Дали купувате облека кога немате потреба, само поради што сте налетале на огромни попусти во продавниците? Дали ја фрлате облеката која повеќе не ви е потребна?

Доколку се најдовте во одговорите на овие прашања, прочитајте како брзата мода и евтината облека влијаат врз климатските промени. Можеби изгледа наивна, па дури и симпатична радоста кога налетувате на интересна блуза со шик дизајн, и тоа во продавница од познатите светски водечки брендови во индустријата. Покрај тоа што е „брендирана“ ја наоѓате по примамлива цена, па веднаш си споредувате: „ах, па тоа е колку две кутии цигари!“ и одлуката е веќе донесена.

Секако дека ни на крај памет не ви доаѓа приказната за блузата, како се нашла на излогот и кој е патот што го поминала за да дојде до вас. Но, време е да почнеме да размислуваме за тие работи затоа што ваквата пракса и, генерално, брзата мода воопшто не е наивна работа.

Само еден од аспектите на темната страна на брзата мода е нејзиното учество во загадувањето на воздухот – глобален проблем кој бара итни мерки и долгорочни стратегии, проблем кој особено ги погодува помалку развиените земји како што е нашата. Според истражувањето на Бизнис Инсајдер, производството на облека учествува со дури 10% во целокупните емисии на јаглерод диоксид, и тоа само во рамките на Европа.
Но, покрај овој аспект, неизбежно следува неодговорната енормна потрошувачка на вода во рамките на производството на облека – модната индустрија е вториот најголем потрошувач на вода, но и вториот најголем загадувач на вода во светот затоа што самата вода која што се





употребува во процесот на боење на облеката завршува во реките, потоците, морињата и океаните оставајќи сериозни и долгорочни последици.

Понатаму, големите светски брендови користат нееколошки материјали како полиестер, акрилик итн на кои им се потребни стотици години за разградување, вклучуваат интензивни енергетски процеси и ресурси, а секако дека огромен е и проблемот со евтината работна сила со оглед на тоа што фабриките на овие модни гиганти најчесто се лоцирани во економски неразвиените земји. Па така, аргументот што често се користи  дека евтината облека е од огромен бенефит за посиромашните луѓе автоматски пропаѓа во вода кога ќе сфатиме дека истата доаѓа токму од сиромашните луѓе и нивната експлоатација која најдобро може да се опише како „современо ропство“.

И еве нè, пред излогот со шик блуза со интересен дизајн токму од онаа, темната страна на приказната. Но, што може ние, како поединци да направиме?

За почеток, огромен чекор е мудриот избор при купувањето облека, а за тоа, како и за многу други работи во животот важи правилото: подобро е ретко но квалитетно! Во однос на облеката, подобро е да купуваме парчиња од еколошки подобни материјали и секако, да ја избегнуваме брзата и евтина мода колку и да изгледа на моменти примамлива. Рециклирањето и реупотребата на текстилот се уште едни многу значајни работи што може да ги направиме кога конкретните парчиња облека не ни се повеќе потребни. Едукацијата, ширењето на информациите што самите ги поседуваме се, исто така, од огромен придонес кон подигнувањето на свеста за штетните влијанија на брзата мода врз целокупното здравје и иднината на нашата планета.

***Најдобриот начин за пристапување кон позитивни промени не е следниот пат, ниту уште ова парче облека, туку токму во овој миг СЕГА!***



# Текстилна еко акција
## во Општина Демир Капија

Тексомак и оваа пролет продолжи со своите еколошки активности, овој пат во соработка со Општина Демир Капија. Од 1 до 4 април 2025 година, беше реализирана текстилна еко акција чија цел е поттикнување на одговорно управување со текстилниот отпад и едукација на најмладите за значењето на рециклирањето.Во првиот дел од акцијата, од 1 до 3 април, беа поставени контејнери на неколку локации низ општината, со што граѓаните имаа можност да го одложат својот текстилен отпад на безбеден и правилен начин.Собрана е значајна количина текстил, а кантите ќе продолжат да бидат достапни во ЈКП Демир Капија со цел да се овозможи континуирано селектирање на текстилниот отпад.

На 4 април акцијата беше фокусирана на образованието и вклученоста на децата. Во ООУ „Димче Ангелов-Габерот" и ЈОУДГ „Борис Трајковски" се одржаа едукативни работилници на кои најмладите учеа за важноста од рециклирање, зачувување на природата и правилно одвојување на отпадот. За време на настанот, во училиштето беа поставени контејнери за текстилен отпад, додека во градинката беа поставени мали канти согласно нивните потреби. Секое парче облека има своја приказна, а преку ваквите акции Тексомак потсетува дека крајот на таа приказна не треба да заврши на депонија. Соработката со граѓаните и образовните институции е клучна за почиста животна средина.




АЈДЕ ДА
РЕЦИКЛИРАМЕ!



# Еко Иницијатива во Крива Паланка: Тексомак и општината со заеднички чекори кон одржлива иднина

На 11 април 2025 година, Тексомак официјално ја започна својата соработка со Општина Крива Паланка – партнерство чија цел е градење на одговорен систем за управување со текстилниот отпад и поттикнување еколошки навики во заедницата. Под мотото „Твојата стара облека – нова шанса за природата“, акцијата ја обединува свеста, едукацијата и хуманоста во една целосна еко приказна. Во рамките на оваа иницијатива, на повеќе локации низ градот беа поставени мобилни контејнери за текстилен отпад, кои секоја недела ја менуваат својата позиција со цел да бидат што подостапни за граѓаните. Овој динамичен модел овозможува поголема вклученост и создавање навика за редовно одлагање на текстилот кој повеќе не се користи.

Посебно внимание беше посветено на едукацијата на младите. Во училиштата СОУ „Ѓорче Петров“, ООУ „Илинден“, ООУ „Јоаким Крчоски“ и градинката „Детелинка“ беа спроведени интерактивни работилници каде учениците преку интересни примери и практични активности се запознаа со значењето на рециклирањето, повторната употреба и грижата за природата. Соработката вклучи и хуманитарна компонента. За време на акцијата беа собрани големи количини текстил, од кои носивите парчиња ќе бидат донирани на лица и семејства во социјален ризик, додека оштетениот текстил ќе биде насочен кон процеси на рециклажа – поддржувајќи го развојот на циркуларната економија. Беше организирана средба со текстилните компании за унапредување на логистиката и управувањето со отпадот.









За Тексомак, оваа иницијатива претставува силен чекор напред во создавање заедница која активно се грижи за својата околина. Преку здружена работа на институциите, образовните установи, бизнис секторот и граѓаните, се поставуваат темелите на поодржлива иднина.

***Природата е наша заедничка одговорност – секое парче облека може да биде нов почеток.***

# Велигденска еко мисија во Општина Аеродром: Учење, рециклирање и грижа за иднината

Во периодот од 12 до 16 мај 2025 година, Тексомак ја продолжи соработката со Општина Аеродром преку серија едукативни работилници во градинките и основните училишта низ општината. Иницијативата беше насочена кон подигнување на свеста кај децата за правилното управување со текстилниот отпад и заштитата на животната средина.

Преку интерактивен пристап, најмладите учесници се запознаа со последиците од неодговорното одлагање на текстилот, но и со едноставните навики со кои секојдневно можат да придонесат за почиста околина. Работилниците опфатија голем број воспитно-образовни установи, овозможувајќи пораката за одговорност кон природата да допре до поширока публика.

Посебен интерес кај децата предизвика контејнерот Хипо, претставен како симбол на акцијата и „пријател на природата", преку кој тие научија каков текстил може да се одложува за рециклирање и зошто повторната употреба е важна.

Како поддршка на едукативните активности, низ Општина Аеродром се поставени големи контејнери за текстилен отпад на неколку фреквентни локации, овозможувајќи граѓаните активно да учествуваат во селекцијата на текстилот.

Со вакви иницијативи, Тексомак продолжува да гради еколошка свест кај најмладите и да придонесува кон создавање одговорни идни генерации.



# Нова еко практика во Валандово:

## Текстилниот отпад станува дел од домашната селекција

Тексомак, во соработка со иницијативата Селектирај Отпад, ја проширува еколошката соработка со Општина Валандово преку воведување систем за селекција на текстилен отпад директно од домаќинствата. Со оваа новина, општината прави значаен чекор кон поодржливо управување со отпадот.

Во рамки на системот, отпадот се одвојува во посебно означени ќеси, при што виолетовата ќеса е наменета исклучиво за текстилен отпад. Процесот им е веќе познат на многу граѓани благодарение на долгогодишната примена на селекцијата и користењето на апликацијата Селектирај Отпад.

Апликацијата ги мотивира домаќинствата за правилно одвојување на пластика, хартија, лименки и текстил, нудејќи бенефити и награди што ја претвораат селекцијата во секојдневна навика. Дополнително, преку едукативни содржини, корисниците добиваат насоки за правилна селекција и ја разбираат својата улога во процесот.

Со вклучувањето на текстилниот отпад во домашната селекција, Тексомак и Селектирај Отпад потврдуваат дека одржливите решенија започнуваат од секој дом, а Валандово повторно се истакнува како општина посветена на еколошка свест и одговорно однесување.



# „Рециклирај, креирај, блескај“ – креативна еко приказна во Diamond Mall

Под мотото „Рециклирај, креирај, блескај“, на 17 и 18 мај 2025 година, Diamond Mall Скопје беше домаќин на дводневен едукативно-креативен настан посветен на најмладите, чија цел беше подигнување на свеста за реупотреба, рециклирање и одговорен однос кон модата и животната средина. Настанот беше организиран во соработка со Македонското Модно Здружение и обедини едукација, креативност и забава во една заедничка еко мисија.

Првиот ден беше исполнет со интерактивни работилници кои ги охрабрија децата да ја видат облеката како ресурс, а не како отпад. Преку креативен пристап и практична работа, тие учеа како старата облека може да добие нов изглед, како се изработуваат модни додатоци и како природата може да биде инспирација за создавање. Работилниците ги водеа истакнати креативци од модната и уметничката сцена, нудејќи им на најмладите можност за учење преку искуство.

Посебен дел од настанот беше присуството на Хипо, едукативниот контејнер на Тексомак, кој ги собираше старите парчиња облека за рециклирање, донација или повторна употреба, пренесувајќи ја пораката дека секое парче има вредност и потенцијал за нов животен циклус.

Вториот ден беше резервиран за „Еко парада на стилови“, каде децата, со поддршка од студентите на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ, креираа уникатни парчиња облека од рециклирани материјали. Атмосферата дополнително ја збогатија учениците од СУГС „Димитар Влахов“, кои ги претставија најновите трендови во фризура и шминка, подготвувајќи ги моделите за мини модната ревија.

Паралелно со креативните активности, посетителите имаа можност да присуствуваат и на консултации со модниот психолог Сара Стојчевска, каде преку разговор и анализа се истражуваше врската меѓу личниот стил, карактерот и одржливата мода.

Круна на настанот беше мини модната ревија, на која со голема гордост беа претставени креациите изработени од рециклирани материјали, претходена од динамичен танцов перформанс на Skill Factory. Овој завршен момент ја потврди пораката дека одржливоста и креативноста одат рака под рака.

Со вакви настани, Тексомак ја јакне еко-свеста кај најмладите, а Хипо останува во Diamond Mall како симбол на одржлива иднина.


LA RUBINO
GERRY WEBER


TEXTIL PLUS
TEXTIL PLUS
KIDS
TEXTIL MARKER
Fabric Pen · Feutre de peinture textile
KIDS
TEXTIL




IQOS
SIGMA

# Придобивките од “Циркуларната мода” за нашата планета



***Современиот човек и брзиот начин на живот***

Живееме во епоха која што е окарактеризирана со брз техничко-технолошки развој што сè уште се ре(обмислува) и сè уште има големи и бројни цели кои допрва треба да се постигнат; вештачката интелигенција е една од темите кои се најактуелни на глобално ниво; а секако, тука е и модерниот начин на живеење во денешниот општествен, економски, политички и културен контекст. Модерниот начин на живот е, во најширока смисла, брз начин на живот каде што многу работи ни се достапни за само неколку секунди; со неколку мигови „скролање“ или, уште помалку, само со еден „клик“.

Ваквите пракси секако дека многу влијаат на нашите конзументски навики поттикнати од големите индустрии кои, се чини, се чинителите коишто најмногу профитираат од современиот брз начин на живот. Тоа, во голема мера се однесува и на текстилната индустрија; на масовните, динамични процеси на производство; масовниот конзумеризам кој оди рака под рака со ниските цени и блескавите рекламни кампањи исполнети со многубројни слогани за важноста на стилот, индивидуалноста, впечатливоста итн. Луѓето се опкружени со мотото: „живеј за денес“ и буквално, го живеат принципот: „земи (грабај) – носи – фрли“, а тоа е една од најштетните современи практики кои во голема мера влијаат на благосостојбата на нашата животна средина, како и на иднината на нашата планета. Зошто? Овој принцип е моментален, инстантен, краткорочен и воопшто не размислува ниту пак се грижи за последиците од она што доаѓа потоа.



### *Зошто „циркуларна мода“ наместо „брза мода“?*

Што е, всушност, тоа што доаѓа? Најкусо, „брзата мода“ значи брзо и масовно производство на облека најчесто создадена од синтетички материјали во процеси кои вклучуваат токсични супстанци – облека (да потсетиме: земи-носи-фрли) која најчесто завршува како отпад и чие биеразградување може да трае и до стотици илјади години. Во друг случај, милионите тони отпад од облека се носат во неразвиените или ниско развиените земји каде што несоодветното уништување остава трајни и многу опасни последици по водата, почвата и воздухот, а тоа значи и по здравјето на огромен број на луѓе во тие земји. Сосем друг, но исто така важен проблем во оваа насока е и евтината работна сила која што големите текстилни гиганти ја користат поставувајќи ги своите фабрики во неразвиените земји.

Токму овде, како директно спротивставување на конзумеризмот (од типот: земи-носи-фрли) и брзата мода, се појавува терминот и идејата за „циркуларна мода“. Што подразбира таа? Основната цел на циркуларната мода е да создаде еден кружен тек чии придвижувања ќе доведат до зголемувањето животниот век на облеката но и минимизирањето на текстилниот отпад во исто време.

### *Кои се начините за постигнување на тоа?*

Облеката би се прозиведувала од квалитетни и еко подобни материјали. Така, автоматски би се зголемило времетраењето на употребата на облеката односно би се отстранила потребата од честите и непотребни замени на конкретните парчиња облека.

Употреба на рециклирани односно реупотребени материјали во производството со што диреткно се спречува неодговорното фрлање на текстилниот отпад и се продолжува животниот век на облеката преку нејзиното ресоздавање и нова употреба.

Други методи на „циркуларната мода“ вклучуваат изнајмување, препродажба (облека од втора рака), преработка на облеката и нејзино понатамошно користење, создавање на платформи за размена каде што облеката може да се замени од еден на друг корисник и, повторно, да се продолжи нејзиниот животен век.

Секако, крајната цел на „циркуларната мода“ е рециклирањето, подигнувањето на свеста за рециклирање на текстилнот отпад, олеснувањето на самиот процес и приближувањето на рециклирачките капацитети до луѓето.



***Што можам јас?***

„Цирклуларната мода“ е една голема визија која не само што е неопходна, туку е и природна на долгорочен пат за иднината на нашата планета затоа што токму животот на нашата планета е циркулирачки и циклусен. Таа се врти, се троши, се обновува, но никогаш не се движи во права линија, нема почетна и крајна точка.

Конечно, ниту еден колективен потфат, ниту една голема идеја како идејата за „циркуларната мода“ не би била возможна без индивидуалниот влог, сопствената иницијатива што треба да започне со прашањето: „Што можам лично јас да променам?“ А толкму тоа е само почетокот на макотрпното, но сепак, извонредно патување до подобрувањето на нашата животна средина и продолжувањето на животниот век на нашата планета.



# Еко креативност и заедништво

## *Успешен настан во Прилеп*

На 21 јуни 2025 година, Парк Могила во Прилеп беше место каде еколошката свест се сретна со детската креативност. Во рамки на еко-настан организиран од Тексомак, повеќе од 120 деца на возраст од 5 до 12 години активно учествуваа во иницијатива насочена кон подигнување на свеста за текстилниот отпад и важноста на неговата правилна селекција.

Со секое донесено парче стар текстил, децата дадоа конкретен придонес кон заштитата на животната средина. Благодарение на нивната посветеност, беше собран еден целосен контејнер текстилен отпад, со вкупна тежина од околу 150 килограми – резултат кој ја потврдува силата на колективното делување и раното еколошко образование.

Настанот им понуди на најмладите можност за креативно изразување преку уметност. Секое дете доби перниче за цртање, донирано од Сомниа Шоп, кое послужи како платно за реализација на темата „Обој го својот сон“. Во креативниот процес, децата беа поддржани од тимот на Арт Хост, кој со својата стручност и ентузијазам ги охрабруваше да ги преточат своите идеи во уникатни цртежи.

Создадените дела не беа само шарени и инспиративни, туку носеа и јасна порака за грижата кон природата и одговорниот однос кон ресурсите. Како дополнителна мотивација, сите учесници автоматски беа вклучени во наградна игра, во која шесте највпечатливи цртежи ќе бидат наградени со подароци – музички перници од Сомниа Шоп и плишани играчки во форма на Хипо.

Настанот во Прилеп уште еднаш потврди дека еколошката едукација е најефективна кога започнува од најрана возраст и кога се пренесува преку практични и креативни активности. Преку учество, игра и уметничко изразување, децата не само што учеа за значењето на селекцијата на текстилниот отпад, туку и активно придонесоа кон намалување на неговото влијание врз животната средина.

Вклученоста на родителите, поддршката од партнерите и ентузијазмот на децата создадоа чувство на заедништво, а преку собраниот текстилен отпад и пораки од цртежите, настанот покажа дека малите чекори можат да донесат големи промени.









# „Зимска еко мисија – Велес селектира“: Образование, креативност и одговорност кон текстилниот отпад

На 11 декември, во зградата на Општина Велес, се одржа едукативно-креативниот настан „Зимска еко мисија – Велес селектира“, посветен на децата и младите со цел подигнување на свеста за реупотреба и рециклирање на текстилниот отпад. Настанот ја истакна важноста на раната едукација и активното вклучување на младите во создавање поодговорен однос кон животната средина.

Како колективен постапувач, Тексомак ги презентираше целите на проектот и ја испрати пораката дека облеката не е отпад, туку ресурс кој може да добие нов живот. Преку сценски настапи, драматизации и презентации подготвени од учениците, беше пренесена силна еколошка порака за значењето на селекцијата на текстилниот отпад и грижата за почиста околина.

Настанот е дел од пошироката соработка помеѓу Тексомак, Општина Велес и ЈКП Дервен, во рамки на која веќе се поставени контејнери за текстилен отпад во дворовите на повеќе основни и средни училишта во Велес и околината. Со оваа инфраструктура се овозможува секојдневно и правилно одложување на текстилот, а истовремено се поттикнуваат еколошки навики кај учениците и пошироката заедница.



Преку ваквите иницијативи, Тексомак продолжува да инвестира во едукација, соработка со институциите и активно вклучување на младите, градејќи свест дека одговорното управување со текстилниот отпад е заедничка обврска. Настанот „Зимска еко мисија – Велес селектира“ претставува уште еден чекор кон почиста и поздрава животна средина, во која секој поединец има значајна улога.Настанот „Зимска еко мисија – Велес селектира“ е пример за тоа како преку едукација, креативен пристап и заедничка соработка може да се поттикне позитивна промена во локалната заедница. Со вклучувањето на учениците, наставниците, институциите и јавните претпријатија, се испраќа јасна порака дека грижата за животната средина е заедничка обврска, во која секој поединец има значајна улога.








Ваквите настани претставуваат важен чекор кон создавање почиста и поздрава животна средина, каде одговорното управување со текстилниот отпад станува дел од секојдневието. Тексомак останува посветен на градење партнерства и иницијативи кои ги поврзуваат едукацијата, практичните решенија и заедницата, со цел да се создаде одржлива иднина за сите.








# Есенски еко пазар во Охрид – текстилниот отпад добива нова вредност

На 20 декември 2025 година, Охрид Мол беше домаќин на „Есенски еко пазар“, настан посветен на подигање на јавната свест за правилно селектирање и одговорно постапување со текстилниот отпад. Во периодот од 12:00 до 14:00 часот, граѓаните имаа можност активно да се вклучат во еко иницијатива која ја промовира реупотребата и одржливиот начин на живеење.

Со голем одѕив од посетителите и поддршка од Охрид Мол, беше собрана значајна количина стар текстил. Настанот уште еднаш потврди дека свесните избори на поединците можат да создадат реално и мерливо позитивно влијание врз животната средина, испраќајќи јасна порака дека текстилот не е отпад, туку ресурс кој преку селекција и преработка може да добие нова намена и вредност.

Во рамки на еко пазарот, посетителите беа информирани за тоа каков текстил може соодветно да се одложува, како и за важноста од одвојување на несоодветниот отпад. Посебен акцент беше ставен на едукацијата и активното вклучување на најмладите, со цел градење на еколошка свест уште од рана возраст и поттикнување одговорни навики кај идните генерации.

Настанот придонесе и кон јакнење на одговорното однесување кај граѓаните, покажувајќи дека секој поединец има значајна улога во правилното управување со текстилниот отпад. Преку директна комуникација и практични насоки, посетителите добија јасна слика за тоа како нивните секојдневни навики можат да имаат долгорочен позитивен ефект врз животната средина.

„Есенскиот еко пазар“ уште еднаш покажа дека малите, но доследни чекори се клучни за поодржлива иднина. Охрид се потврди како град кој препознава и поддржува еколошки иницијативи, обединувајќи ја едукацијата, заедницата и одржливите практики во заедничка еко мисија.









